# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВСКА БАНКА НА КИНА

**"Сл. весник на Р Македонија" број 50/99 од 04.08.1999 год.**

## Член 1

Република Македонија се задолжува со заем кај Меѓународната трговска банка на Кина во износ од 20 мил.$.

## Член 2

Заемот од член 1 на овој закон Меѓународната трговска банка на Кина и го одобрува на Република Македонија со рок на враќање од 13,5 години, грејс период од седум години и годишна каматна стапка од 3%.

Условите по кои се доделува заемот, како и начинот на неговото користење, поблиску ќе се утврдат со Договорот за заем, којшто ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната трговска банка на Кина.

## Член 3

Главнината на заемот Република Македонија ќе ја отплаќа од Буџетот на Република Македонија, по истекот на грејс периодот, во 27 полугодишни рати.

Каматата на заемот Република Македонија ќе ја отплаќа од Буџетот на Република Македонија, почнувајќи од последниот ден на шестиот месец од датумот на потпишувањето на Договорот за заем од член 2 став 2 на овој закон.

Сервисирањето на заемот и каматата ќе се врши од средства кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна на крајните корисници.

## Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"